Врз основа на член 73 став (1) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.251/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 декември 2023 година, издаде

**ЛИЦЕНЦА**
**за приредување на игри на среќа во обложувалница**

1.На Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„Булевар Партизански Одреди“ бр.49/2-3, Скопје-Центар МУ СЕ ИЗДАВА лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во уплатно-исплатното место кое се наоѓа во Подружница бр.1 БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ Тетово, на ул.„Мирче Ацев“ бр.108 1200, Тетово, за период од три години.

2. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

3.Доколку Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје не започне со приредување на игрите на среќа во рокот од точката 2, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

4. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да го плати надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата и тоа 50% од надоместокот во износ од 52.500 евра во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата, односно:

- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од една година од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од две години од денот на приемот на лиценцата;

- износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, во рок од три години од денот на приемот на лиценцата;

5.Доколку Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје не плати 50% од надоместокот, односно не го плати износот од 52.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

Created With Tiny Scanner

6.Доколку Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје не ги плаќа годишните рати во износ од 17.500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата во роковите од точката 4, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

7. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

8. Доколку Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

9. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.

10. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт.

11. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје Е ДОЛЖНО да ја одржува висината на основната главнина на трговското друштво пропишана во Законот, односно во износ кој не може да биде помал од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

12. Доколку Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје не ја одржува висината на основната главнина од точката 11, Владата на Република Северна Македонија ќе ја одземе лиценцата.

13. Оваа лиценца ќе се објави на интернет страницата на Министерството за финансии.

Образложение

Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје до Министерството за финансии поднесе Барање бр.13-585/1 од 20.1.2023 година и Дополнувања на барање бр.13-585/4 од 31.1.2023 година, бр.13-585/5 од

Created With Tiny Scanner

6.2.2023 година, бр.13-585/10 од 4.7.2023 година, бр.13-585/13 од 3.10.2023 година и бр.13-585/15 од 4.12.2023 година за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница и известување за степенот на имплементација на НИС системот кај Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје бр.13-585/8 од 7.6.2023 година доставено од Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје.

Кон барањето подносителот ги достави следните документи:

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) од 27.12.2022 година дадена од единствениот содружник Гоце Тренчески од Скопје;

- Одлука за зголемување на основна главнина донесена на ден 20.9.2023 година од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески од Скопје;

- Одлука за измена на Договорот за основање донесена од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески од Скопје;

- изјава за преземање на нов основен влог-непаричен влог дадена од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески од Скопје;

-Изјава -пречистен текст- за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) дадена на ден 20.9.2023 година од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески од Скопје;

-Изјава за превземање на нов основен влог-непаричен влог дадена од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески;

- Одлука за зголемување на основна главнина донесена од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески;

- Изјава за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) дадена на ден 9.11.2023 година од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески;

- правила на играта донесени од Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје;

-Преглед на состојба на сметка по денови од 27.1.2023 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;

-Преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 12.1.2023 година издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

- Извештај за извршена проценка на деловна опрема-основно средство за игри на среќа-софтверска апликација за казино, слот машини, електронски рулет сопственост на Гоце Тренчески бр.769 од 28.12.2022 година изготвен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и услуги „ПУМ МИГ" Здравко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје;

Created With Tiny Scanner

- Фактура бр.00000003107 од 7.12.2021 година издадена од КОРПОРЕКС БГ ИБ ПЛТД од Бугарија;

- Договор за снабдување, испорака, инсталација, прилагодување, тестирање и ставање во работа и обука на софтвер за софтверски апликации за казино слот машини, електронски рулет, автомати склучен на ден 6.12.2021 година помеѓу Гоце Тренчески од Скопје и CORPOREX BG IB PLTD од Софија, Бугарија;

- Процена на пазарна вредност на недвижен имот на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје изготвена на ден 20.9.2023 година од Друштвото за книговодствени услуги и консалтинг „ЕКСПЕРТ ПРО" ДООЕЛ Скопје;

-Потврда (солемнизација) на приватна исправа на договор за дар на недвижен имот ОДУ.бр.414/20 од 5.10.2020 година издадена од нотар Нада Палиќ;

-Договор за дар на недвижен имот склучен на ден 23.7.2020 година помеѓу Герасим Тренчески од Скопје и Добрица Тренческа од Скопје како дарувачи и Гоце Тренчески од Скопје како дароприма;

-Имотен лист број:2695 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 издаден од Агенција за катастар на недвижности;

- Проценка на пазарна вредност на недвижен имот изготвена на ден 9.11.2023 година од Друштвото за книговодствени услуги и консалтинг „ЕКСПЕРТ ПРО" ДООЕЛ Скопје;

-Имотен лист број:56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 29.7.2013 година, Имотен лист број:56315 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 29.7.2013 година, Имотен лист број:56346 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2, Имотен лист број:56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 12.10.2023 година и Имотен лист број: 56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 4.12.2023 година издадени од Агенција за катастар на недвижности;

-Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам од 20.1.2023 година донесена од Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје;

-Извод број 1 за промените и состојбата на сметката за ден 17.1.2023 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје;

-Договор за финансиски заем бр.01/2023 склучен на ден 17.1.2023 година помеѓу Тренчески Гоце (заемодавач) и Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје (заемопримач);

-Решение бр.2718/01230-0048/2 од 3.2.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје;

-Решение бр.35020230021745 од 25.9.2023 година и тековна состојба бр.0805-50/150120230025393 од 29.9.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

Created With Tiny Scanner

- Решение бр.35020230028615 од 24.11.2023 година и тековна состојба од 24.11.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија;

-Солемнизација-потврдување на приватна исправа ОДУ бр.1067/13 од 22.8.2013 година издадена од нотар Елена Пенцерковски;

- Договор за купопродажба на недвижен имот склучен во Скопје помеѓу Трговското друштво за производство, проектирање и инжинеринг „ВАРДАРГРАДБА" ДОО с.Трубарево Скопје и Тренчески Гоце од Скопје;

- Уплатници ПП30 од 21.9.2011 година, од 19.4.2013 година, од 25.3.2013 година, од 12.9.2011 година и од 28.9.2011 година издадени од НЛБ банка АД Скопје;

- Уверение за платени даноци и придонеси бр.27-57/165/2 од 12.1.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврда бр.05-002176/23-0002 од 16.1.2023 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија;

-Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/191-1 од 12.1.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-12/191-2 од 12.1.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна одземање на дозвола, лиценца, концесија, овластување или друго право утврдено со посебен закон;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120230000679 од 12.1.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност;

- Потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица бр.0808-50/150120230000680 од 12.1.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност;

- Информација за економско финансиската состојба на субјектот бр.0905-28/21 од 13.1.2023 година издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија и

- уплатница ПП 50 за платена административна такса од 650 денари.

Постапувајќи по поднесеното Барање, а врз основа на доставените документи, Министерството за финансии ја утврди следната фактичка состојба:
Подносителот на Барањето е трговско друштво со седиште во Република Северна Македонија и на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 3.511.630,00 евра, видно од решение бр.35020230028615 од

Created With Tiny Scanner

24.11.2023 година и тековната состојба од 24.11.2023 година издадени од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од доставените потврди издадени од Централниот Регистар на Република Северна Македонија бр.0808-12/191-1, бр.0808-12/191-2, бр.0808-50/150120230000679 и бр.0808-50/150120230000680 од 12.1.2023 година се утврди дека на трговското друштво не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игрите на среќа, не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа и не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игрите на среќа.

Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје достави информација за економско-финансиската состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија бр.0905-28/21 од 13.1.2023 година, со која Централниот регистар на Република Северна Македонија известува дека друштвото е новоосновано, односно започнало со работа во декември 2022 година и до Централниот регистар нема доставено годишна сметка за своето работење.

Од доставената Програма за спречување перење пари и финансирање тероризам од 20.1.2023 година донесена од Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје, се утврди дека друштвото има Програма со која се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам како и организирањето и контролата на нивната примена.

Трговското друштво ги има измирено јавните давачки по основ на даноци, царини и придонеси за задолжително социјално осигурување до месецот во кој е поднесено барањето за издавање на лиценца, видно од уверението бр.27-57/165/2 од 12.1.2023 година издадено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје и потврдата бр.05-002176/23-0002 од 16.1.2023 година издадена од Царинската управа на Република Северна Македонија.

Од доставеното Решение бр.2718/01230-0048/2 од 3.2.2023 година донесено од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Скопје се утврди дека уплатно-исплатното место кое се наоѓа во Подружница бр.1 БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ Тетово на ул.„Мирче Ацев“ бр.108 1200 Тетово ги исполнува просторните и технично-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница.

Трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во моментот на поднесување на барањето за издавање на лиценца, видно од прегледот на состојба на сметка по денови од 27.1.2023 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје.

Трговското друштво нема вработени лица видно од прегледот на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 12.1.2023 година издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

Created With Tiny Scanner

Од изводот број 1 за промените и состојбата на сметката за ден 17.1.2023 година издаден од Комерцијална банка АД Скопје се утврди дека на сметката има доволно парични средства за уплата на надоместокот за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница, а од Договорот за финансиски заем бр.01/2023 склучен на ден 17.1.2023 година помеѓу Тренчески Гоце (заемодавач) и Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје (заемопримач) се утврди дека истите потекнуваат од заем.

Потеклото на средствата внесени во основната главнина се утврди од следната документација:

Од изјавата за основање на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице (ДООЕЛ) дадена на ден 9.11.2023 година од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески, се утврди дека основната главнина на друштвото изнесува 3.511.630 евра и се состои од непаричен влог-софтверска апликација и недвижен имот-станови, внесени од единствениот содружник на друштвото Гоце Тренчески од Скопје.

Од извештајот за извршена проценка на деловна опрема-основно средство за игри на среќа-софтверска апликација за казино, слот машини, електронски рулет сопственост на Гоце Тренчески бр.769 од 28.12.2022 година изготвен од Друштвото за производство, инженеринг, трговија и услуги „ПУМ МИГ" Здравко ДООЕЛ експорт-импорт Скопје се утврди вредноста на софтверска апликација, а од фактурата бр.00000003107 од 7.12.2021 година издадена од КОРПОРЕКС БГ ИБ ПЛТД од Бугарија и Договорот за снабдување, испорака, инсталација, прилагодување, тестирање и ставање во работа и обука на софтвер за софтверски апликации за казино слот машини, електронски рулет, автомати склучен на ден 6.12.2021 година помеѓу Гоце Тренчески од Скопје и CORPOREX BG IB PLTD од Софија, Бугарија се утврди потеклото на софтверска апликација, односно истата содружникот ја купил од CORPOREX BG IB PLTD од Софија.

Од проценката на пазарна вредност на недвижен имот на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје изготвена на ден 20.9.2023 година од Друштвото за книговодствени услуги и консалтинг „ЕКСПЕРТ ПРО" ДООЕЛ Скопје се утврди вредноста на недвижниот имот-стан (88 м2), а од потврдата (солемнизација) на приватна исправа на договор за дар на недвижен имот ОДУ бр.414/20 од 5.10.2020 година издадена од нотар Нада Палиќ, договорот за дар на недвижен имот склучен на ден 23.7.2020 година помеѓу Герасим Тренчески од Скопје и Добрица Тренческа од Скопје како дарувачи и Гоце Тренчески од Скопје како даропримач и Имотниот лист број: 2695 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 издаден од Агенција за катастар на недвижности, се утврди потеклото на недвижниот имот-стан, односно станот содружникот го стекнува како дар на недвижен имот. Од проценката на пазарна вредност на недвижен имот изготвена на ден 9.11.2023 година од Друштвото за книговодствени услуги и консалтинг „ЕКСПЕРТ ПРО" ДООЕЛ Скопје се утврди вредноста на недвижниот имот-стан (153 м2) , а од Имотен лист број:56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 29.7.2013 година, Имотен лист број:56315 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 29.7.2013 година, Имотен лист број:56346 ПРЕПИС Катастарска општина:

Created With Tiny Scanner

Центар 2, Имотен лист број:56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 12.10.2023 година и Имотен лист број: 56351 ПРЕПИС Катастарска општина: Центар 2 од 4.12.2023 година издадени од Агенција за катастар на недвижности, солемнизацијата-потврдување на приватна исправа ОДУ бр.1067/13 од 22.8.2013 година издадена од нотар Елена Пенцерковски, договор за купопродажба на недвижен имот склучен во Скопје помеѓу Трговското друштво за производство, проектирање и инжинеринг „ВАРДАРГРАДБА" ДОО с.Трубарево Скопје и Тренчески Гоце од Скопје и уплатници ПП30 од 21.9.2011 година, од 19.4.2013 година, од 25.3.2013 година, од 12.9.2011 година и од 28.9.2011 година издадени од НЛБ банка АД Скопје се утврди потеклото на недвижниот имот-стан, односно истиот е стекнат со купопродажба.

Доставеното барање за добивање на лиценца се однесува за приредување на игри на среќа во обложувалница, што произлегува од доставените правила на играта донесени од Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје, кои се во согласност со член 78 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Барање за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница согласно член 73 став 2 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри може да поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје на денот на поднесувањето на барањето за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница има уплатено основна главнина во износ од 3.148.736,00 евра. Согласно член 13 став (1) точка 12) од Законот, доколку приредувачот не ја одржува висината на основната главнина пропишана во Законот, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 11 и 12 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 75 од Законот, барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница мора да има обезбедено надзорен информациски систем преку кој се поврзани сите компјутери, преку кој ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи. Од мислењето бр.21-3238/2 од 7.6.2023 година на Управата за јавни приходи, Генерална дирекција Скопје се утврди дека надзорниот информациски систем на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје е во фаза на тестирање со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

Врз основа на доставените докази и утврдената фактичка состојба, се оцени дека се исполнети условите за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје, поради што се одлучи како во точката 1 од диспозитивот на оваа лиценца.

Created With Tiny Scanner

Во согласност со член 74 став 1 од Законот, лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

Според член 10 став 1 од Законот, трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не започне со приредување на игрите на среќа во рок од 15 дена, Владата на Република Северна Македонија ќе му ја одземе лиценцата. Со оглед на наведеното се одлучи како во точките 2 и 3 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 74 став 2 од Законот, за добивање на лиценца за приредување игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата. Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата. Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Доколку друштвото не го плати надоместокот во утврдениот рок, ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена. Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 4, 5 и 6 од диспозитивот на оваа лиценца.

Според член 76 став 1 од Законот, приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Северна Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција. Согласно член 13 став (1) точка 9) од Законот, доколку приредувачот на игрите на среќа не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Северна Македонија ја одзема лиценцата. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 7 и 8 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 79 став 1, 2 и 3 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри, за приредување на игрите на среќа во обложувалница, Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје, се задолжува, на месечна основа, да плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места. Исто така, Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ“ ДООЕЛ Скопје, се задолжува, на месечна основа, за финансирање на спортот да плаќа

Created With Tiny Scanner

посебна давачка во висина од 3% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на сметка на Агенцијата за млади и спорт до 15-ти во месецот за претходниот месец. Со оглед на наведените законски одредби се одлучи како во точките 9 и 10 од диспозитивот на оваа лиценца.

Согласно член 12 од Законот, издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии, поради што се одлучи како во точката 13 од диспозитивот на оваа лиценца.

Со оглед на тоа што Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје достави комплетна документација, Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да ја издаде лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница на Друштвото за промет и услуги „БЕТ ТУ МАР-ГЕЈМИНГ" ДООЕЛ Скопје.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против овој управен акт може да се поднесе тужба за поведување на управен спор, до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на доставувањето на управниот акт до странката.

**Бр. 41-12966/5**
**26 декември 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Христина Мишевска, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Танევска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата

Created With Tiny Scanner